**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**
**ISSN 2955-1919**

# Б И Л Т Е Н бр.9

**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Скопје, 14 Април 2025 година**

**Издавач:**
**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Главен и одговорен уредник:**
**М-р Александар Клашниновски**

**Печати:**
**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Тираж: 7 примероци**

# Содржина

**Стр. 3 Реферат за избор на наставник во наставно-научна област компјутерски науки 1.02.00.01 и информациски науки 1.02.00.02 на самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје**

**Стр. 9 Реферат за избор на наставник во наставно-научна област компјутерски науки 1.02.00.01 и информациски науки 1.02.00.02 на самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ 1.02.00.01 И ИНФОРМАЦИСКИ НАУКИ 1.02.00.02 НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Наставничкиот Совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст, објавен во весникот Слободен печат од 03.04.2025 година, за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет бр. 08-215/1 донесена на 10.04.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател
- м-р Тамара Јовановска, предавач, член
- д-р Томи Бошковски, предавач, член

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), во предвидениот рок се пријави м-р Елена Митреска Јовановска.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска е родена на 14.02.1983, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во СУГС "Никола Карев"-природно математички смер со одличен успех.

Со високо образование се стекнала на Факултетот "CITY College", Affiliated

Institution of the University of Sheffield, го завршила со одличен успех и се стекнала со звањето Bachelor of Science with Honors in Computer Science (Дипломиран инженер по информатика) (стекнати 180 кредити) со просечна оценка 8.65.

Целата настава на додипломските студии се одвива на Англиски јазик. За таа цел го положила и TOEFL тестот како доказ за одлично познавање на англискиот јазик. Дипломата и е нострифицирана од Министерството за образование на 15.10.2007 год (09-8025/2). Во учебната 2008-2009 година се запишува на Универзитетот МИТ-Факултет за компјутерски науки и технологии-Скопје, студиска програма Информациски технологии IV- година и се стекнува со 60 кредити, со просечен успех 10,00 со што вкупниот просек од 240 кредити е 8.95. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Магистрирала во 2013 година на Факултет за електротехника и информациски технологии на смерот за компјутерски науки (ФЕИТ), студиска програма Интелигентни информациони системи, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј "- Скопје. Магистерските студии ги завршила со одличен успех 10,00 под менторство на Проф. д-р Данчо Давчев. Во октомври истата година го одбрани и магистерскиот труд на тема: Теле-медицински информационен систем за консултации во радиологијата.

Кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска во текот на своето студирање има активно учество на интернационални конференции и меѓународни и домашни проекти, каде што се спроведува научно-истражувачка дејност и од каде се публикувани научни трудови.

Од 2018-2019 година се запишува на докторската школа на УКИМ при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство под менторство на проф. д-р Иван Чорбев на смерот за компјутерски науки и инженерство (КНИ) смер Интелигентни ИС. Во Јануари 2023 година, после положување на сите предмети од докторската школа на УКИМ со оценка 10,00, прифатен е извештајот од комисијата за изработката на докторската дисертација под наслов „Интегриран модел за предвидување на болести кај виновата лоза“ од кандидатката Елена Митреска Јовановска, ментор проф. д-р Иван Чорбев.

## 2. Наставна и високостручна работа, педагошки и други остварувања на кандидатот

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска била ангажирана како демонстратор и држела лабораториски и аудиториски вежби на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при УКИМ во периодот од 2018 до 2023 год. на предметите Објектно ориентирано програмирање, Географски информациони системи, Компјутерски компоненти од кои се стекнала со педагошко искуство.

## <u>Научноистражувачка дејност</u>

Кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска има објавено бројни научни трудови од областа на интелигентните системи и вештачка интелигенција на интернационални конференции и журнали, од кои неколку научни трудови во меѓународни научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) меѓу кои:


[1] Mitreski K., **Jovanovska M. E**., Micevska M., (2005), Web-based information system for medical purposes using. NET technology, *VII National Conference ETAI*, Ohrid, Macedonia, pp. I2, 35–41.

[2] **Jovanovska M. E**., Mitreski K., (2006), On line operational monitoring and TSI estimation system of Lakes, *Conference on Water observation and Information System for Decision Support-Balwois*, Ohrid, Macedonia, pp. 188-196.

[3] Mitreski K., **Jovanovska M. E**., Micevska M., Naumoski A., (2007), Web-based medical information systems for hospital cooperation, 12th International Conference, HCI International 2007, with 8 Further Associated Conferences, Beijing, China, July 22-27, 2007, Proceedings, Vol. 4550-4566, Springer, pp.1463-1467.

[4] Naumoski, A., **Jovanovska M.E**., Kirov M., and Mitreski K.,(2009) "Knowledge representation of diatoms community in Lake Prespa using multi-target regression trees and GIS." *3rd GISDATA International Users Conference 2009*. Opatija, Croatia, 28-29 May, 2009. DVD Proceedings.

[5] **Jovanovska M. E**.,Davcev D., Mitreski K.,(2013) "A Mobile Environmental Air Quality Information System as a Support for m-Health", Fifth International Conference on Mobile Computing, Applications and Services – MobiCASE 2013, Paris, France, Springer- pp.277-281

[6] **Jovanovska M. E**., Davcev D., Mitreski K., (2019) ”*Environmental Air Quality Monitoring System as a Support for Precision Agriculture*”- Proceedings of IV International Scientific Conference High Technologies, Business, Society 2019- pp.26-28 & International Scientific Journal- Science. Business. Society, Year 4, Issue 2/2019 ISSN PRINT 2367-8380, ISSN WEB 2534-8485, pp.41-43.

***[7]*** *Jovanovska M. E., Kovachevich D., Naumoski A., (2019)-* ”Predictive Policing in City of Skopje using ArcGIS”– 16th International Conference on Informatics and Information Technologies - CIIT 2019 – 10-12 May-Mavrovo-Macedonia, pp.-

[8] Gitova D., **Jovanovska M. E.**,Naumoski A., (2019)- *” Rating and geo-mapping of travel agencies that provide vacations to long-distance, exotic destinations in Skopje, North Macedonia* ”– 11th Innovation Conference - ICT 2019 – 17-19 October- Ohrid-Macedonia.

[9] **Jovanovska M. E.,** Davcev D., "No pollution Smart City Sightseeing Based on WSN Monitoring System"- MobiSecServ 2020- Sixth International Conference on Mobile and Secure Services, 22-23 February-2020, pp.1-6, Miami USA, IEEE Conference Record #: 48690, ISBN: 978-1-7281-5797-9, DOI**:** <u>10.1109/MobiSecServ48690.2020.9042959</u>, <u>https://ieeexplore.ieee.org/document/9042959</u>

[10] **Jovanovska M. E.**, Bozinova M., Mitreski K., (2020)" *Analyzing and Visualization of Indoor Airpollution*"- Proceedings of V International Scientific Conference High Technologies, Business, Society 9-12 March -2020.International Scietific Journal Science, Business, Society-Year 5, ISSN Print 2367-8380, ISSN Web 2534-8485. p.p.130-134

[11] **Jovanovska M. E.**, (2020)" *Analysis of data necessary for prediction of grape diseases*" - UKIM PhD School Proceedings, March -2020.

[12] Nikudinoski S., Naumoski A., **Jovanovska M.E.**, (2020)" Mapping of Auto Salons in Skopje"– 17th International Conference on Informatics and Information Technologies - CIIT 2020 – 08-10 May-Krusevo (online)-Macedonia, pp.-

[13] **Jovanovska M. E.**, Chorbev I., (2020)" Data analysis required for vineyard disease prediction"- Proceedings of V International Scientific Conference Conserving soils and water 26-28 August -2020. ISSN (PRINT) 2535-0234, ISSN (ONLINE) 2535-0242, pp.68-70.

[14] Sintija Stevanoska, **Elena M. Jovanovska**, Kosta Mitreski, Danco Davcev. IoT–Based System for real-time monitoring and Insect Detection in vineyards. MobiWac'20, November 16–20, 2020, Alicante, Spain © 2020 Association for Computing Machinery. ACM ISBN 978-1-4503-8119- 2/20/11, https://doi.org/10.1145/3416012.3424634

[15] Damjan Jovanovski, **Elena M. Jovanovska**, Katja Popovska and Andreja Naumoski
"Application of Machine Learning in Predicting the Impact of Air Pollution on Bacterial Flora"-Proceeding of Computing Conference (306)14-15 July – London, UK.

[16] **Elena M. Jovanovska**, Ivan Chorbev, Danco Davchev and Kosta Mitreski
"Integrated IoT System for Prediction of Diseases in the Vineyards"- Proc. of the International Conference on Electrical, Computer, Communications and Mechatronics Engineering (ICECCME),16-18 November 2022, Maldives,pp.2374-2379, 978-1-6654-7095-7/22/$31.00 ©2022 IEEE.

[17] **Elena M. Jovanovska,** Victoria Batz, Petre Lameski, Eftim Zdravevski, Michael A. Herzog and Vladimir Trajkovik "Methods for Urban Air Pollution Measurement and Forecasting: Challenges, Opportunities, and Solutions", Atmosphere **2023**, 14, 1441. https://doi.org/10.3390/atmos14091441 **(IF-2.9)**

[18] **Elena M. Jovanovska**, N. Koteli, A. Naumoski and K. Mitreski
"Interoperability and comparison of opensource QGIS and ESRI-ArcMap" – QGIS workshop – 2024, FINKI-Skopje.

## <u>Учество на меѓународни проекти</u>

Кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска за време на нејзините докторски студии била активно вклучена во меѓународни проекти и истражувачка работа на академско ниво, каде континуирано се надоградувала. Во прилог се проектите во кои учествувала:

1) Меѓународен проект: ТРАБОРЕМА УКИМ-ФЕИТ, TRABOREMA INCO-CT-2004 -509177 –"Concepts for integrated trans boundary water management and sustainable socio- economic development in the cross border region of Albania, Former Yugoslav Republic of Macedonia (FYROM) and Greece" (2004-2007)-FP 6 Проект на Европска Комисија (Раководител Проф. д-р Властимир Гламочанин)
2) Меѓународниот проект: "Мешано истражување за загадување на воздухот со

технички и едукативни решенија” – CleanBreathe, (Раководител Проф. д-р Владимир Трајковиќ)- (2021-2024)

3) Меѓународен проект: IPA-ADRION00374– Promoting Urban Resilience Through an Integrated Advanced Decision Support System for Flood Control – URBANFLOODS

(Раководител: Проф. д-р Боро Јакимовски)-(2024-2027).

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска била активно вклучена во меѓународни проекти на академско ниво како и на индустриско ниво од областа на нејзината експертиза.

За време на нејзините магистерски и докторски студии на УКИМ, работи како демонстратор, каде била активно вклучена во изработка и подобрување на наставни програми.

За време на нејзината работа во информатички фирми, кандидатката активно вршела стручно-апликативна дејност од својата експертиза на домашни и меѓународни проекти.

## Оценка од самоевалуација

За нејзината наставна дејност, кандидатот м-р Елена Митреска Јовановска добила позитивен осврт од страна на студентите за време на нејзината работа на докторските студии како демонстратор на УКИМ-ФИНКИ-Скопје, каде оддржува оцена од студентите над 9.00.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Елена Митреска Јовановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Елена Митреска Јовановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје: Природно математички науки (1), наставното поле: Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област: Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст во Скопје, м-р Елена Митреска Јовановска да биде избрана во наставното звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје: Природно математички науки (1), наставното поле: Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област: Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател с.р
2. м-р Тамара Јовановска, предавач, член с.р
3. д-р Томи Бошковски, предавач, член с.р

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ 1.02.00.01 И ИНФОРМАЦИСКИ НАУКИ 1.02.00.02 НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Наставничкиот Совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст, објавен во весникот Слободен печат од 03.04.2025 година, за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет бр. 08-215/1 донесена на 10.04.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател
- м-р Тамара Јовановска, предавач, член
- д-р Томи Бошковски, предавач, член

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), во предвидениот рок се пријави м-р Марија Чаушевска.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Марија Чаушевска е родена на 27.11.1997, во Скопје. Средно образование завршила во СУГС Гимназија “Орце Николов”, Скопје.

Со високо образование се стекнала на Факултетот за Електротехника и Информациски Технологии (ФЕИТ), при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на наставната програма Компјутерски технологии и инженерство (КТИ). Дипломирала во 2020 година со просечен успех 9.66. Кандидатката активно се служи

со македонски и англиски јазик. За време на четиригодишните додипломски студии кандидатката м-р Марија Чаушевска има добивано стипендија од МОН како резултат на континуиран висок просек (над 9.00) во областа на информатичките науки. Темата на дипломската работа и била на тема: Хиерархиска повеќе класна класификација на слики од алги користејќи алгоритми од машинско учење и длабоки невронски мрежи.
Во текот на додипломските студии има посетувано летна пракса во Комерцијална Банка, каде што има работено со датабази (SQL Server Management Studio). Исто така има учествувано на летна школа за вградливи системи (embedded systems), каде што има работено на Arduino Uno проект за мерење на површина користејќи ултрасоник сензор.
Во 2019 година кандидатката м-р Марија Чаушевска била на двонеделна посета на Anhalt University of Applied Sciences, Германија, каде што има посетувано предавања во областа на информатички науки и телекомуникации. Дополнително во 2019/20 има учествувано на натпреварот “Generation Unlimited”, организиран од UNICEF и Телеком, Скопје. На овој натпревар Марија и тимот имаат развивано мобилна и веб апликација (Digital Menu) користејќи React Native, каде што голем број менија од ресторани, барови и кафулиња биле дигитализирани. Апликацијата е креирана и прилагодена за лица со попречености како: слепи, глуви лица, лица со дислексија и интелектуални попречености. Заедно со тимот со кој имаат работено освоиле прво место на овој натпревар.

Во учебната 2020/2021 се запишува на втор циклус (магистерски) студии на Институтот Јожеф Стефан при Меѓународна постдипломска школа во Љубљана, Словенија, на студиската програма Информациски и комуникациски технологии.
Магистерските студии ги завршила во 2022 година со просечен успех 9.67. Во ноември истата година го брани и магистерскиот труд на тема: Learning the probabilities in probabilistic context-free grammars for algebraic expressions. За време на магистерските студии работи како истражувач на Институтот Јожеф Стефан во областа машинско учење, како и студентска работа во компанија, во која работи на проект за пресметување на брзина на движење на возила снимени со OAK-D стерео камери, користејќи Python програмски јазик, OpenCV и DepthAI API.

Кандидатката м-р Марија Чаушевска во текот на своето студирање има активно учество на интернационални конференции и проекти, каде што спроведува истражувачка дејност и публикува научни трудови, како и активно учество на натпревари организирани во рамки на факултетот.

По завршување на магистерските студии во 2022 се вработува во Данска компанија за биомедицинска технологија која работи на креирање на софтверска платформа за анализа и детектирање на генетски аномалии во ДНК секвенци. Кандидатката Марија работи како AI/ML инженер и истражувач.

Во јануари 2023 година запишува докторски студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на насоката Компјутерски науки и инженерство (КНИ),

каде продолжува со истражувањето во полето на машинско учење и вештачка интелигенција. Областа на истражување на докторските студии и е во областа на Биоинформатиката, односно анализа на генетски и епигенетски фактори и детектирање аномалии во ДНК секвенци со помош на машинско учење. За време на докторските студии има учествувано на две тренинг школи со COST (European Cooperation in Science and Technology): едната во Пиза, Италија во 2023 година на тема: Genomic data analysis in association studies, а другата во Истанбул, Турција во 2024 година на тема: Tools for analysis of -omics data in pancreatic cancer. За време на докторските студии има работено на научно истражување кое е објавено во едно од најдобрите светски списанија за Cancer Research. Исто така има учествувано на конференции, една од нив е и International Society of Neonatal Screening, одржана во март 2025 година во Луксембург.

## 2. Наставна и високостручна работа, педагошки и други остварувања на кандидатот

### Наставно-образовна дејност

Кандидатот м-р Марија Чаушевска активно работи на повеќе проекти во рамки на кои го применува своето знаење во истражувања, како и апликативна дејност и дизајнирање на софтвери и програми.

Исто така, во компаниите во кои е ангажирана, кандидатот м-р Марија Чаушевска овозможува континуирана поддршка во работата и развој на вештините на колегите за потребите на тимовите во компанијата.

### Научноистражувачка дејност

М-р Марија Чаушевска има објавено бројни стручни трудови и абстракти од областа на машинско учење, длабоки невронски мрежи и вештачка интелигенција на интернационални конференции и журнали, меѓу кои:

[1]Chaushevska, M., Dimitrovski, I., Džeroski, S., & Gjoreski, H. (2020). Hierarchical classification of diatom images with transfer learning. ICT Innovations.

[2] Chaushevska M., Todorovski L., Brence J., Dzeroski S, (2022, October). Learning the Probabilities in Probabilistic Context-Free Grammars for Arithmetical Expressions from Equation Corpora. In 25th International Multiconference INFORMATION SOCIETY.

[3] Tost, J., Ak-Aksoy, S., Campa, D., Chaushevska M. , Ibanez-Costa, A., ... & Smolkova, B. (2025, January). Leveraging Epigenetic Alterations in Pancreatic Ductal Adenocarcinoma for Clinical Applications. In Seminars in Cancer Biology. Academic Press.

[4] Kyriakidis C., Garrido-Navas C. , Madjarov G., Nikov A., Chaushevska M., ... & Velkoski Z. A novel basic carrier test for all ethnicities using long read sequencing and an artificial intelligence platform. NORD Rare diseases and Orphan Products breakthrough summit 2023 Washington DC, October 16-17 2023.

[5] Kyriakidis C., Chaushevska M., Krych L., Madjarov G., Garrido Navas C., Velkoski Z. AI-powered, Vertically-integrated IVD Certified Technology for Accurate, Fast & Affordable Screening of Sex Development Disorders. Abstract for the International Society for Neonatal Screening – 13th European Regional Meeting, Luxembourg, March 23-26, 2025.

[6] Kyriakidis C., Chaushevska M., Schack A., Krych L., Madjarov G., Garrido Navas M., Velkoski Z. AI cloud-based end-to-end technology for accurate, fast & affordable Newborn screening of genetic disorders / rare diseases towards precision treatments. Abstract for the Association of Public Health Laboratories Newborn Screening Symposium 2024, Omaha, USA, October 20–24, 2024.

[7] Kyriakidis C., Chaushevska M. , Schack A., Alapont K., Madjarov G., Garrido Navas M., Velkoski Z. AI-powered, vertically-integrated IVD certified technology for accurate fast & affordable diagnosis of genetic disorders & beyond. Abstract for the 14th Annual Great Plains Rare Disease Summit, Sioux Falls SD, USA, May 17 2024.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката м-р Марија Чаушевска била активно вклучена во меѓународни проекти и истражувачки центри на академско ниво и индустриско ниво од обласата на нејзината експертиза, каде што континуирано ја надоградувала својата експертиза.

За време на нејзините докторски студии, кандидатката активно е вклучена во научно истражувачка и наставна дејност, каде продолжува со надоградување на нејзините истражувачки и менторски експертизи.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатката во текот на додипломските, постдипломските и докторските студии добивала позитивен осврт од страна на стручен академски кадар од различни универзитети за научно пишување на трудови и презентирање на истите на конференции и работилници.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност,

како и дејноста од поширок интерес на м-р Марија Чаушевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Марија Чаушевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст во Скопје, м-р Марија Чаушевска да биде избрана во наставното звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател с.р
2. м-р Тамара Јовановска, предавач, член с.р
3. д-р Томи Бошковски, предавач, член с.р